**20240781613**

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1614.**

☐Уставниот суд на Република Северна Македонија, во состав Добрила Кацарска, претседател на Судот и судиите Насер Ајдари, м-р Татјана Васиќ-Бозаџиева, д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска, Елизабета Дуковска, д-р Осман Кадриу, д-р Дарко Костадиновски, д-р Ана Павловска-Данева и м-р Фатмир Скендер, врз основа на член 110 и член 112 од Уставот на Република Северна Македонија, член 70 став 1 алинеја 1 и член 73 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 27 март 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

1. СЕ ПОНИШТУВА член 3 став 1 точка 2) во делот „најмногу до 65 годишна возраст" од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани („Службен весник на Република Северна Македонија" број 269/2023).
2. Оваа одлука ќе се објави во Службен весник на Република Северна Македонија".

Образложение

I

Уставниот суд на Република Северна Македонија, по повод поднесената иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, со Решението У.бр.210/2023 од 14 февруари 2024 година, поведе постапка за оценување на уставноста на член 3 став 1 точка 2) во делот најмногу до 65 годишна возраст" од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани (Службен весник на Република Северна Македонија" број 269/2023), затоа што пред Судот, со основ се постави прашањето за неговата согласност со Уставот.

II

На седницата Судот утврди дека според член 3 став 1 точка 2) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани корисници на правото на надоместок заради попреченост" се лица со навршена 26-годишна возраст, а најмногу до 65-годишна возраст, со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице, согласно со податоците од евиденцијата на центрите за социјална работа.

III

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото е темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Според член 9 од Уставот, граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно со член 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и колективен договор.

Со член 35 од Уставот е определено дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани. Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Според член 51 од Уставот, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

Заради справување со продолжените ефекти од енергетската и ценовната криза, Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 декември 2023 година, донесе Закон за финансиска поддршка на со-

цијално ранливи категории на граѓани, објавен на 18 декември 2023 година во Службен весник на Република Северна Македонија” број 269/2023, и влезен во сила со денот на објавувањето.

Со овој закон се уредуваат корисниците, висината, начинот за обезбедување и исплатата на финансиската поддршка на социјално ранливите категории на граѓани.

Според член 2 од Законот, корисници на финансиската поддршка се лицата кои се:

- корисници на посебен додаток,
- корисници на правото на надоместок заради попреченост,
- самохрани родители, кои се евидентирани корисници на гарантирана минимална помош,
- корисници на право на пензија во висина до 19.000 денари,
- ученици од основното, односно средното образование, чии семејства имаат вкупни месечни приходи од нето-плата до 50.000 денари и
- студенти кои живеат надвор од местото на студирање.

Со член 3 став 1 точки од 1) до 6) од Законот, се определува значењето на изразите, употребени во член 2 од Законот.

Според член 3 став 1 точка 2) од Законот корисници на правото на надоместок заради попреченост” се лица со наврешена 26 годишна возраст, а најмногу до 65 годишна возраст, со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице, согласно со податоците од евиденцијата на центрите за социјална работа.

Од содржината на погоре наведениот член од Законот произлегува дека во групата корисници на правото на надоместок заради попреченост, не спаѓаат лицата над 65-годишна возраст, а со тоа овие лица се исклучени од финансиската поддршка согласно со Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани.

Правото на користење надоместок заради попреченост и начинот на кој граѓаните можат да го остварат тоа право, е уредено со Законот за социјалната заштита (Службен весник на Република Северна Македонија” број 104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022 и 65/2023), а согласно со член 44 став 2 од овој закон, надоместок заради попреченост може да оствари лице со наврешени 26 години возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот. Согласно со оваа законска одредба секое лице над 26-годишна возраст кое е во состојба на некој вид попреченост, побарало остварување на вакво право, го остварило правото и добива надоместок заради попреченост, неспорно е корисник на надоместок заради попреченост.

Претходно, член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита уредуваше дека надоместок заради попреченост може да оствари лице со наврешени 26 години возраст, најдоцна до 65 годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот”, меѓутоа Уставниот суд со Одлуката У. бр. 27/2020 и У. бр. 289/2020 од 1.12.2022 година, го укина делот најдоцна до 65 годишна возраст” содржан во член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на Република Северна Македонија” број 104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020 и 163/2021).

Со укинувањето на делот најдоцна до 65 годишна возраст” од член 44 став 2 од Законот за социјалната заштита, како баратели за остварување на право на надоместок заради попреченост може да се јават и лица над 65-годишна возраст, што значи и овие лица доколку остварат такво право, спаѓаат во категоријата на лица корисници на право на надоместок заради попреченост.

Од содржината на член 3 став 1 точка 2) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани, меѓутоа, произлегува нешто друго, поточно дека корисници на правото на надоместок заради попреченост, се всушност лица со наврешена 26- годишна возраст, а најмногу до 65-годишна возраст, со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице, согласно со податоците од евиденцијата на центрите за социјална работа, но не и лицата над 65- годишна возраст.

Имајќи предвид дека согласно со Законот за социјалната заштита и овие лица можат да го остварат ова право, со што се вбројуваат во групата корисници на правото на надоместок заради попреченост, јасно е дека со оспорениот дел најмногу до 65 годишна возраст” содржан во член 3 став 1 точка 2) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани, неосновано се стеснува значењето на употребениот израз корисници на правото на надоместок заради попреченост”, а со тоа и неосновано се изземаат лицата над 65 годишна возраст од финансиската поддршка којашто се обезбедува за периодот определен со донесениот Закон за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани.

Во конкретниот случај, законодавецот со цел појаснување на значењето на употребениот израз корисници на правото на надоместок заради попреченост”, наместо да се задржи на дефинирањето на употребениот израз коеш-

то за своја основа го има Законот за социјалната заштита, отстапил од правната уреденост со овој закон, навлегувајќи во нормативно уредување дека лицата над 65-годишна возраст не се корисници на правото на надоместок заради попреченост, иако и лицата над 65-годишна возраст можат да остварат право на надоместок заради попреченост, со што стануваат корисници на тоа право.

Оттука, со вака утврденото значење на употребениот израз корисници на правото на надоместок заради попреченост" од член 3 став 1 точка 2) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани, а според кое лицата над 65-годишна возраст, не се сметаат за корисници на правото на надоместок заради попреченост, според Судот, е нарушен принципот на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот и правната сигурност на граѓаните во остварувањето на правата од социјалната сфера.

Воедно, неоснованото исклучување на овие лица од единствената категорија корисници на правото на надоместок заради попреченост, според Судот, создава и нееднаков третман помеѓу лицата кои се наоѓаат во иста правна положба (сите се корисници на правото на надоместок заради попреченост), но едни можат да остварат право на финансиска поддршка, а други не можат, исклучиво заради возраста.

Уставниот принцип на еднакво постапување спрема еднаквите, независно од личните својства и карактеристики на граѓаните, нивната припадност или убедување или која било друга состојба или статус, во конкретниот случај, според Судот, е повреден со пропишувањето на оспорениот дел на членот од Законот, со кој во суштина, по основ на возраст се врши неоснована категоризација на единствената категорија лица корисници на правото на надоместок заради попреченост, а со тоа и нелегитимно спречување на едните да можат исто како и другите да ги уживаат подеднакво правата од социјалната сфера, што не е во согласност со уставниот принцип на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите од член 9 од Уставот.

Суштината на оваа уставна норма е нејзиниот антидискриминаторски карактер и тоа што забранува воспоставување основи за какви било разлики меѓу луѓето кога тие остваруваат одделни свои права. Законодавецот има право со закон да ги пропише условите и начинот под кои граѓаните ќе можат да остварат одредени права поради нивната социјална положба, а во тие рамки и да ја определи целната група којашто ќе биде опфатена со социјалната мерка, во случајов со финансиската поддршка, меѓутоа и обврска да утврди еднакви права за лицата кои се наоѓаат во еднаква правна положба, но во конкретниот случај поради така утврденото значење на употребениот израз корисници на правото на надоместок заради попреченост" од член 3 став 1 точка 2) од Законот, конкретно со оспорениот негов дел најмногу до 65 годишна возраст", таа еднаквост е нарушена.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Судот оцени дека оспорениот дел најмногу до 65 годишна возраст" содржан во член 3 став 1 точка 2) од Законот за финансиска поддршка на социјално ранливи категории на граѓани, не е во согласност со принципот на владеење на правото од член 8 став 1 алинеја 3 на Уставот и принципот на еднаквост на граѓаните од член 9 на Уставот.

При одлучувањето за поништување на оспорениот дел на членот од Законот, Судот, согласно со член 73 од Деловникот на Судот, ги зеде предвид сите околности од значење за заштита на уставноста и законитоста, тежината на повредата и нејзината природа и последиците за граѓаните во остварувањето на правата од социјалната сфера, и оцени дека ефектот на заштитата на уставноста, за конкретниот случај, може да се постигне само со поништување на оспорениот дел на членот од Законот.

IV

Врз основа на наведеното, Судот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

V

Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

У. бр. 210/2023
27 март 2024 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
**Добрила Кацарска,** с.р.